Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
УПРАВЕН ОДБОР
Број 02 - 5905/3
14.06.2023 година

Врз основа на член 417 од Законот за трговските друштва, член 66 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување, Правилникот за потребна документација која се доставува кон барањето за добивање дозволи согласно Законот за супервизија на осигурување, како член 59 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (пречистен текст) бр.02-5137/3-1 од 22.05.2024 година (во понатамошен текст: Друштвото), одредбите од Правилникот за работата на Управниот одбор, Управниот одбор на Друштвото на својата 556ва редовна седница, одржана на 14.06.2024 година, ја донесе следната:

# ПРЕДЛОГ СТАТУТАРНА ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Статутот на Друштвото бр.02-5137/3-1 (пречистен текст) од 22.05.2023 година**

1. Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Статутот на Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (пречистен текст) бр. 02-5137/3-1 од 22.05.2024 година.
2. Се менува членот 31, став 1 од Статутот на Друштвото бр.02-5137/3-1 од 22.05.2024 година, и по извршената промена истиот гласи: **Надзорниот одбор се состои од 6 (шест) члена кои се избираат од страна на Собранието на акционери Друштвото, со јавно гласање. Најмалку 1/3 од членовите се именуваат како независни членови согласно закон. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е до 5 (пет) години со право на реизбор**
3. Сите останати членови на Статутот (пречистен текст) бр. 02-5137/3-1 од 22.05.2024 година остануваат непроменети.
4. Одлуката влегува во сила со денот на добивање на согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување и нејзино усвојување од Собранието на Друштвото.
5. По стапувањето во сила на оваа Одлука, Друштвото продолжува да работи на начин и под услови по кои е запишано во Трговскиот регистар што се води при централниот регистар на Република Северна Македонија.
6. Се овластува и задолжува Управниот одбор да утврди и потпише пречистен интегрален текст на Статутот, а Претседателот на Управниот одбор да го потпише истиот.
7. Се овластува и задолжува Управниот одбор по влегување во сила на одлуката и изготвувањето на пречистениот текст, да го запише изменетиот Статут во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија.
8. Оваа Одлука ќе се достави како Предлог одлука до акционерите на Друштвото.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно Законот за супервизија на осигурување и Законот за трговските друштва, измените и дополнувањата на Статутот на Друштво се предмет на одобрување на Собранието на акционери на Друштвото, а предлогот доставен до Собранието на акционери го утврдува Управниот одбор на Друштвото. Дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на посебна согласност која ја издава Агенцијата за супервизија на осигурување.

Измените на Статутот се предложени од страна на мнозинскиот акционер. Друштвото VIENNA INSURANCE GROUP AG Wiener Versicherung Gruppe, а заради зголемување на број членови на органот на надзор на Друштвото.

Согласно со наведеното се јави потреба за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Друштвото да ја донесе Одлуката за измена на Статутот на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп.

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател на управен одбор**

_____________________________
Бошко Андов